USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

ГРАЃАНИТЕ ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

# Информативна сесија за ГРАНТОВИ ЗА ГРАЃАНСКА ВКЛУЧЕНОСТ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

ПРОГРАМА: „ГРАЃАНИТЕ ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА“

Повик за апликации бр. 14-31/10-2024
**Рок: 4 септември 2024 г., 13:00 часот**

# ПРОГРАМА: „ГРАЃАНИТЕ ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА“ (ГПК)

ГРАЃАНИТЕ ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

**Општа цел:** да се зголеми вклученоста и соработката на граѓаните, граѓанското општество, медиумите и приватниот сектор во борбата против корупцијата, што ќе доведе до подобрување на реакцијата на државните институции и ефективност во справувањето со корупцијата во сите сектори на национално и локално ниво.

Спроведувана од: **МЦМС** во партнерство со **ЦГК, ИДСЦС, Стопанската комора на Северна Македонија, 360 Степени, ИРЛ и БИРН.**

Финансирана од: **Американската агенција за меѓународен развој – УСАИД/Северна Македонија**

Период на спроведување: **3 април 2023 - 2 април 2028** година.

# Три видови на грантови:

- **Мали грантови** за постигнување на конкретни резултати со поедноставен процес на аплицирање;
- **Грантови за граѓанска вклученост во борбата против корупцијата,** преку кои ќе бидат поддржани долгорочни акции за постигнување на структурни промени; и
- **Грантови за брз одговор** кои ќе поддржат специфични акции за актуелни теми и предизвици кои ги засегаат граѓаните.

**Добитниците на грант за граѓанска вклученост во борбата против корупцијата ќе бидат исклучени од можноста за аплицирање на некој од другите видови на грантови.**

# Грантови за граѓанска вклученост во борбата против корупцијата

**Целта** на повикот за **Грантови за граѓанска вклученост во борбата против корупцијата** (во продолжение Грантови) е да се зголеми транспарентноста, отчетноста и културата на интегритет преку поголема вклученост на граѓаните во борбата против корупцијата.

Поднесените апликации на организациите во рамките на овој повик треба да придонесат за постигнување на најмалку еден од следните **резултати**:

- Зголемување на јавната свест за опасностите и знаците на корупцијата, што доведува до поинформирано и активно учество на граѓаните во антикорупциските активности.
- Поголема транспарентност и отчетност на националната и локалната власт преку активен мониторинг и учество на граѓаните.
- Зголемен капацитет на граѓаните, вклучително и лидерите во заедниците и младите, да водат и да учествуваат во антикорупциски иницијативи.

# Финансирање и времетраење

Вкупната сума која е на располагање за Грантовите за граѓанска вклученост во борбата против корупцијата изнесува 40.320.000 денари ($720.000).

- **Минимален износ е 2.240.000 денари ($40.000).**
- **Максимален износ е 3.360.000 денари ($60.000).**
- **Времетраење од 18 до 24 месеци**.

Кофинансирање во рамки на овој повик се охрабрува, но истото не е задолжително.

# Кој може да аплицира?

Главниот апликант треба да биде граѓанска организација или мрежа на граѓански организации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ) кои го исполнуваат следниот услов:

- да се регистрирани најмалку **една години** пред објавата на повикот

**Се поттикнува главниот апликант да аплицира во партнерство со други граѓански организации или мрежи на граѓански организации**. За партнерската организација важат истите услови како за главниот апликант.

Како главен апликант или партнер има можност да аплицира и неформална мрежа на граѓански организации.

# Продукти

**Примери за посакувани крајни продукти:**

- Кампањи, собири и јавни форуми за активно вклучување на граѓаните во борбата против корупцијата.
- Платформи (онлајн и офлајн) за анонимно пријавување на корупција.
- Антикорупциски клубови и водичи за активности за училишта и универзитети.
- Алатки за застапување креирани врз основа на граѓански иницијативи.
- Правна помош и услуги за поддршка на укажувачи и жртви на корупција.
- Зајакнати системи за дигитално управување кои ги намалуваат можностите за корупција.
- Едукативни материјали за подигање на свеста за корупцијата.
- Истражувања за влијанието на корупцијата врз родовите прашања.
- Алатки за вклучување на граѓаните во мониторинг, планирање и распределба на буџетите на централно и локално ниво.
- Граѓански мониторинг на ефективноста на антикорупциските политики.
- Медиумски продукти кои ја разоткриваат корупцијата и ја инспирираат граѓанската акција.
- Истакнати позитивни примери во борбата против корупцијата.

# Активности

**Примери за подобни активности:**

- Обучување на граѓани за одредени техники на граѓанско новинарство за откривање и пријавување на случаи на корупција.
- Организирање работилници на кои граѓаните ќе можат да учат и да учествуваат во буџетските процеси на локално и централно ниво.
- Развивање на иновативни технолошки решенија за следење и пријавување на корупција.
- Одржување редовни јавни форуми и состаноци за разгледување на прашањата за корупција со вклученост на граѓаните во изнаоѓање решенија.
- Формирање на клубови во училиштата и универзитетите кои се фокусираат на промовирање на интегритетот и антикорупциските вредности кај младите.
- Организирање денови каде што граѓаните ќе имаат улога на „ревизори" на институциите на централната или локалната власт.
- Активности на локално и/или национално ниво за поголема отчетност од страна на институциите и одговорните лица.

# Активности

**Примери за подобни активности:**

- Развивање на платформи каде граѓаните ќе можат да придонесуваат со податоци и информации при планирањето на проектите на централната или локалната власт.
- Создавање мрежи за поддршка и услуги за правна помош за укажувачите кои откриваат корупција.
- Развивање на мултимедијални кампањи (видеа, социјални медиуми, печатени медиуми) кои ги едуцираат граѓаните за нивните права и како да ја препознаат и пријават корупцијата.
- Интерактивни и креативни кампањи за едукација на заедниците за ефектите и начините за борба против корупцијата.
- Истакнување на поединци и организации кои претставуваат исклучителен позитивен пример за интегритет и транспарентност.
- Обучување на граѓаните како да користат дигитални алатки и платформи за пристап до информации за јавните расходи и активности.
- Иницијативи предводени од младите за превенција и борба против корупцијата.
- Активности за поддршка на жените и девојките да водат антикорупциски иницијативи.
- Активности за синергија помеѓу граѓаните и бизнисите во борбата против корупцијата, поттикнувајќи транспарентно и отчетно општество базирано на интегритет.

# Додадена вредност

Поголемиот акцент на граѓаните и нивната вклученост во активностите ќе се смета за додадена вредност на апликациите!!!

Од апликантите се очекува да ги дизајнираат и спроведат активностите според највисоки стандарди на политичка коректност и независност!

# Трошоци

**Подобни трошоци:**

- трошоци за бруто-плата за персоналот вклучен во реализирањето на грантот;
- патни трошоци поврзани со активностите во проектот, вклучувајќи локални и меѓународни патни трошоци;
- директни трошоци настанати за време на фазата на спроведување на предлог-предложените активности (вклучително и трошоци за надворешни лица/експерти од кои ќе се побара стручна поддршка);
- канцелариски трошоци кои се релевантни за предложените активности.

**Неподобни трошоци**:

- трошоците кои се финансирани од друга програма и донатор;
- предлог-активности кои предвидуваат лична заработка и корист;
- за купување возила и мебел;
- за купување или реновирање недвижнини;
- за купување ИТ опрема;
- за давање кредити на трети лица;
- за загуби при размена на валути;
- за финансирање политички партии и избори;
- за ретроспективно финансирање;
- за финансирање на трети лица и долгови и давачки за подмирување долгови;
- за активности поврзани само или во најголемиот дел со индивидуални спонзорства; за учество во работилници, семинари, конференции и конгреси и други настани;
- за регрантирање.

# Процес на аплицирање

На овој повик се аплицира по електронски пат, во една фаза, односно директно ќе се аплицира со целосна пријава. Главниот апликант и партнерската организација најпрвин мора да креираат профил на платформата: **www.grants.mk**. По регистрација, само главниот апликант треба да се пријави на овој повик и да започне со пополнување на апликацијата и прилозите. Главниот апликант мора да ги додаде партнерите (со нивните единствени матични броеви и нивната е-пошта) кои ќе треба да го потврдат партнерството преку конфирмација која ќе биде побарана на нивната е-пошта (внесена при регистрација на платформата). Целосната пријава за овој повик вклучува пополнување и прикачување на grants.mk на:

- **Формулар за аплицирање** (word document)
- **Буџет и оправданост на буџетот** (excel document)
- **Изјава на апликантот**, (со печат и потпис – pdf document)
- **Изјава на партнерот,** доколку е применливо (со печат и потпис – pdf document)
- Само во случај кога апликант е неформална мрежа - **Согласност на членките на мрежата, конкретна членка да аплицира во име на неформалната мрежа** (со печат и потпис – pdf document)

# Оценка на апликации

## 1. Административна проверка и проверка за подобност

- **Краен рок.** Доколку е запазен, апликацијата ќе се прифати, во спротивно ќе биде одбиена;
- **Формулар за аплицирање.** Сите делови треба да бидат пополнети согласно дадените насоки во формуларот;
- **Буџет.** Буџетот и оправданоста на буџетот се уредно пополнети;
- **Изјава на апликантот и партнерот,** доколку е применливо;
- **Јазик.** Апликацијата е поднесена на македонски јазик;
- **Главен апликант**. Главниот апликант е регистрирана граѓанска организација или мрежа на граѓански организации најмалку една година пред објавата на повикот, со исклучок за неформални мрежи, согласно насоките во точка 2.1 од ова Упатство;
- **Партнер**. Партнерот е регистрирана граѓанска организација или мрежа на граѓански организации најмалку една година пред објавата на повикот, со исклучок за неформални мрежи, согласно насоките во точка 2.1.1 од ова Упатство;
- **Барањето за грант** е помеѓу 2.240.000денари и 3.360.000 денари**;**
- **Времетраење** на грантот е помеѓу 18 и 24 месеци;
- **Број на пријави.** Организацијата поднела само една апликација во било која улога (како главен апликант или како партнер).

# Оценка на апликации

## 2. Оценка на квалитет

| Критериуми за оценка | Број на бодови |
|---|---|
| **1. Организациски капацитет за спроведување на предложените активности** | **30** |
| Дали главниот апликант (и партнерот) има доволно искуство и организациски капацитети за спроведување на активностите? | 15 |
| Дали претходно спроведените иницијативи/активности на главниот апликант (и партнерот) се релевантни на темата? | 15 |
| **2. Релевантност на апликацијата со дефинираните цели и резултати на повикот** | **30** |
| Дали апликацијата е во согласност со поставените цели и очекувани резултати наведени во повикот? | 10 |
| Дали предложените активности се соодветни, изводливи и во согласност со поставените цели и резултати? | 10 |
| Дали методологијата и пристапот се соодветни за планираните активности? | 5 |
| Дали постојат јасно дефинирани индикатори за мерење на постигнувањата? | 5 |
| **3. Додадена вредност** | **20** |
| Дали граѓаните се вклучени во планираните активности? | 10 |
| Дали се предложени иновативни решенија за идентификуваниот проблем? | 10 |
| **4. Буџет и ефикасност на трошоците** | **20** |
| Дали активностите соодветно се одразуваат во буџетот? | 10 |
| Дали односот помеѓу предвидените трошоци и очекуваните резултати е соодветен? | 10 |
| **ВКУПНО** | **100** |

# Прашања, одговори и рок за аплицирање

- Заинтересираните организации може да поставуваат прашања поврзани со повикот за Грантови за граѓанска вклученост во борбата против корупцијата на следната адреса: gpk-grants@mcms.mk (со назнака: 14-31/10-2024).

- Рок за поставување прашања: **21 август 2024 година.**

**Рок за поднесување на апликации:**
**4 септември 2024 г., 13:00 часот**